20252254367

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25) и член 27 став 1 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21 и 37/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ПОД КОИ РЕЗИДЕНТИТЕ МОЖАТ ДА ВРШАТ НАПЛАТА И ПЛАЌАЊЕ ВО ЕФЕКТИВНИ СТРАНСКИ ПАРИ ВО ТРАНСАКЦИИТЕ СО НЕРЕЗИДЕНТИ

1. Во Одлуката за начинот и условите под кои резидентите можат да вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари во трансакциите со нерезиденти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 181/19), точката 1 се менува и гласи:

„1. Со оваа одлука се определуваат начинот и условите под кои резидентите трговски друштва, трговци поединци и подружници на странски правни лица во Република Северна Македонија, можат да вршат наплати и плаќања во ефективни странски пари (во понатамошниот текст: готовина во странска валута) во трансакциите со нерезиденти и документацијата којашто се поднесува до банките и штедилниците во земјата.“

2. Точката 2 се менува и гласи:

„2. При вршењето наплати и плаќања во готовина во странска валута во трансакциите со нерезиденти, банките и штедилниците и резидентите од точката 1 од оваа одлука коишто во согласност со закон имаат обврска да преземаат мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање тероризам се должни да се придржуваат кон прописите со кои се регулира спречувањето перење пари и финансирањето тероризам.“

3. Во насловот на главата II, зборовите: „ЕФЕКТИВНИ СТРАНСКИ ПАРИ“ се заменуваат со зборовите: „ГОТОВИНА ВО СТРАНСКА ВАЛУТА“.

4. Во точката 3, по зборот: „резидентите“, се додаваат зборовите: „од точката 1 од оваа одлука“, а зборовите: „ефективни странски пари“ се заменуваат со зборовите: „готовина во странска валута“.

Во потточката 3.1, зборовите „Извоз на стоки“ се заменуваат со зборовите: „Извоз на земјоделски производи“.

Во потточката 3.9, зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

5. Точката 4 се менува и гласи:

„4. Резидентите од точката 1 од оваа одлука се должни да ја внесат готовината во странска валута наплатена според основите од точката 3 на оваа одлука, на својата девизна платежна сметка (во натамошниот текст: платежна сметка во странска валута) кај банка или штедилница во земјата, во рок од два работни дена од приемот на готовината во странска валута.“

6. Точката 5 се менува и гласи:

„5. Резидентите од точката 1 од оваа одлука можат да подигаат готовина во странска валута од своите платежни сметки во странска валута за потребите од службени патувања во странство.

По исклучок на ставот 1 од оваа точка, резидентите од точката 1 од оваа одлука коишто се приредувачи на игри на среќа во казино можат да подигаат готовина во странска валута од своите посебни сметки во странска валута за исполнување на обврските кон учесниците во игрите на среќа коишто се нерезиденти физички лица.“

7. Во точката 6, по зборот: „резидентите“ се додаваат зборовите: „од точката 1 од оваа одлука“, зборовите: „ефективни странски пари“ се заменуваат со зборовите: „готовина во странска валута“, а зборовите: „и нив можат да ги користат“ се заменуваат со зборовите: „и можат да ја користат“.

8. Насловот на главата III се брише.

9. Во точката 7, воведната реченица се менува и гласи:

„Банката или штедилницата ќе ја прими готовината во странска валута наплатена според основите од точката 3 на оваа одлука, по доставувањето на следнава документација:“.

Во потточката 7.1 зборот „стоки“ се заменува со зборовите „земјоделски производи“.

Во потточката 7.2, зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“.

Во потточките 7.3 и 7.6, зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

10. Во точката 8, воведната реченица се менува и гласи:

„Банката или штедилницата ќе му исплати готовина во странска валута на резидентот од точката 1 од оваа одлука за потребите на точката 5 на оваа одлука, по доставувањето на следнава документација:“.

Потточката 8.1 се менува и гласи:

„8.1 За службени патувања во странство: налог за повлекување готовина во странска валута врз основа на службено патување во странство.“

Во потточката 8.2 алинеја 1, зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

11. Во точката 9, воведната реченица се менува и гласи:

„За потребите на точката 6 на оваа одлука, банката или штедилницата ќе му исплати готовина во странска валута на резидентот од точката 1 од оваа одлука, врз основа на следнава документација:“

Алинејата 2 се менува и гласи:

„– соодветно образложение за зголемениот износ за исплата на готовина во странска валута;“.

Во алинејата 3, зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“.

12. Точката 10 се брише.

13. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По исклучок на ставот 1 од оваа точка, одредбите од точката 4 став 2 и точката 9 став 2 од оваа одлука ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година.

Бр. 02-35008/6
30 октомври 2025 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.